# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 12 Мај 2010 година<br>Службен гласник број 5<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |
|---|---|---|

*Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk*


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОТПИШУВАЊЕ ПОВЕЛБА ЗА ПРИЈАТЕЛСТВО И СОРАБОТКА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОПШТИНА ВЕРОНА РЕПУБЛИКА ИТАЛИЈА**

1. Одлуката за потпишување Повелба за пријателство и соработка на Општина Прилеп, Република Македонија и Општина Верона Република Италија, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1195/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.05.2010 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 14 став 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 11 и 26 став 1 точка 11 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 07.05. 2010 година донесе:

**О Д Л У К А**
за потпишување Повелба за пријателство и соработка на Општина Прилеп, Република Македонија и Општина Верона, Република Италија

Член 1

Споделувајќи ја заедничката желба за меѓународен мир и добробит, со стремеж кон општо разбирање во своите земји и народи, заради подобрување на нивниот живот во заедницата, развивање на културните, пријателските и економските врски, соработката , обичаите и традициите, се донесува Одлука за потпишување Повелба за пријателство и соработка на Општина Прилеп, Република Македонија и Општина Верона, Република Италија.

Член 2

Се овластува МАРЈАН РИСТЕСКИ, градоначалник на Општина Прилеп да ја потпише Повелбата за пријателство и соработка на Општина Прилеп, Република Македонија и Општина Верона, Република Италија.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп.

Број 07- 1154/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.05. 2010 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЗОНИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ**

1. Одлуката за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 - 1195/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.05.2010 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Прилеп („Службен гласник на општина Прилеп” бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата, одржана на 07.05.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот**

**Член 1**

За утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, а во зависност од погодностите што недвижноста ги дава, особено во поглед на положбата, сообраќајната поврзаност, снабденоста со комунални објекти и инсталации, се формират 6 (шест) зони.

Зоните одстав 1 на овој член ги имаат следните граници:

**ГРАНИЦИ НА ЕКСТРА ЗОНАТА**

Границата на Екстра зоната започнува до мостот на пресекот на ул. “Борка Талески” со ул.”Кеј 1-ви Мај”, продолжува на североисток по ул. “Кеј 1-ви Мај” и дојдува до ул. “Б.Ламески” оди по ул. “Б. Ламески” до ул. “Булевар Маршал Тито”, врти на југозапад по ул.”Маршал Тито”, го опфаќа дел од Плоштадот Александрија (Камената бина и просторот пред неа), се враќа до ул. “Маршал Тито”, доаѓа до зградата на поранешен Пелагонија Турис и Хотел Скопје оди до ул. “Сотка Ѓорѓиоски”. Отука границата врти на североисток по плочникот пред Бизнис Центарот ги опфаќа површините на Бизнис Центарот и доаѓа до ул.” Борка Талески”, завртува тука на југоисток по ул. “Борка Талески” и дојдува до мостот на пресекот на ул.” Борка Талески” со ул. “Кеј 1- ви Мај” од каде и започнува границата на екстра.

Сите објекти кои се најдуваат во описот на оваа зона се најдуваат во екстра зона.

**ГРАНИЦИ НА ПРВА ЗОНА**

Границата на првата зона започнува од раскрсницата на ул.”Димо Наредникот” со ул.”Ленин” и продолжува на североисток и доаѓа до ул.”Мице Козар”,продолжува по ул.”М.Козар”, ја сече ул.”Марксова” ја сече ул.”Круме Волнароски”,”Пиринска”,”11-ти Октомври” и доаѓа до пресекот со ул.”Борис Кидриќ”.Потоа завртува на југ,оди по ул.”Б.Кидриќ” до пресекот со ул.”11-ти Октомври”,продолжува по ул.”11-ти Октомври”на југоисток, ја сече ул.”Јоска Јорданоски” и доаѓа до ул.”Кеј 1-ви Мај” односно до Оревоечка река. Продолжув на југозапад по течението на Оревоечка река, односно по ул.”Кеј 1-ви Мај” ја опфака ул.” Кузман Јосифоски” и доаѓа до ул.”Д.Наредникот”.Завртува на северозапад по ул.”Димо Наредникот”,го сечи Булевар”Маршал Тито” и доаѓа до пресекот со ул.”Ленин”, односно на почетокот на границата.

Сите објекти кои се најдуваат во описот на оваа зона се најдуваат во прва зона.

## ГРАНИЦИ НА ВТОРА ЗОНА

Границата на втората зона започнува од пресекот на ул.”Марксова” со ул.”Егејска”,продолжува на север по ул.”Марксова”доаѓа до пресекот со ул. “Тризла”,завртува на североисток по ул.”Тризла” и оди до сушалната,односно до ул.”Кумровец”каде завртува на југоисток, по ул.”Кумровец”доаѓа до ул.”Мице Козар” ја сече истата и доаѓа до ул.”Ѓ.Салај”,завртува на североисток по ул.”Ѓ.Салај” до пресекот со ул.”Кораб”,завртува на исток по ул.”Кораб” и доаѓа до Дабнички Канал, продолжува по Дабнички Канал на југ, доаѓа до мостот на ул.”Б.Кидриќ”,завртува по ул.”Б.Кидриќ” на северо-исток се движи по неа с# до крајот на планските куќи,завртува на исток према оранжериите,доаѓа до нив и завртува на југозапад по границата со оранжери-ите до ул.”Победа”, продолжува по ул.”Победа” ги опфаќа и куќите на ул. “Победа”кои се најдуваат одма покрај оранжериите.Ја сече ул. “Јоска Јорданоски” и доаѓа до спортскиот комплекс (Базент) оди по катастарска граница на спортскиот центар, кој центар исто влегува во оваа зона. Продолжува на југоисток ја сече Оревоечка река и исто продолжува на исток до ул.”М.Пијаде” ја пресекува ул.”М.Пијаде”, продолжува на југоисток по ул. “Октомвриска” која оди према трафостаницата на Електроприлеп, тука завртува на запад по ул.”Октомвриска” и продолжува на југозапад ги опфаќа сите плански куќи на ул.”Ѓ.Петров”,”П.Здравкоски”,”Ѓ.Сугарев”, и доаѓа до детската градинка “Г.Делчев”која влегува во оваа зона, завртува на запад по ул.”Радовишка” и доаѓа до кружниот тек на ул.”Т.Тарцан”,завртува по ул.” Трајко Тарцан” на југозапад, се движи по неа с# до ул.”Вера Циривири”, каде врти по тесната улица која доаѓа до ул.”Прохор Пчински”,продолжува на запад по неа, доаѓа до ул.”Лазо Филипоски” завртува на југозапад и доаѓа до ул.”Ц.Коњарец” оди по неа до раскрсницата со ул.”Блаже Иваноски”и “Иво Лола Рибар”,завртува на север по ул.”И.Л.Рибар”и доаѓа до пресекот со ул. “Моша Пијаде”, каде завртува на запад и се движи по ул.”М.Пијаде”, ги поминува зградите на ул.”Д.Наредникот” и врти после зградите на север по уличето”М.Пијаде” до коритото на Оревоечка река.Оди на запад по коритото на Оревоечка река, до пресекот со ул.”Димче Јованоски Дабовски” односно до железничкиот премин на железничката пруга.Завртува на север по железничката пруга и оди до рампата кај Пожарниот дом. Продолжува на север, го сече Булеварот”Маршал Тито”,”Ленин” и доаѓа до ул.”Егејска”.Завртува по ул.”Егејска”на североисток и доаѓа до раскрсницата на ул.”Егејска” и “Марксова”,каде што започна описот на оваа граница.

Сите објекти кои се најдуваат во описот на оваа зона се најдуваат во втора зона.

## ГРАНИЦИ НА ТРЕТА ЗОНА- прв дел

Границата на третата зона-прв дел започнува од пресекот на ул.”Велко Јанкулоски-Стариот” со ул.”Војводинска”.Продолжува на југ по ул.”Војводинска”, ги заобиколува зградите во “Точила-1” кои влегуваат во оваа зона, продолжува на запад покрај истите и доаѓа до ул.”Струшка”каде завртува на север покрај зградите во нас.”Точила-1”,продолжува на север покрај ОУ”Б.Конески” завртува на исток покрај истото,ги заобиколува и зградите во “Точила-2” кои влегуваат исто во оваа зона, се спушта по асфалтната улица на југоисток, ја сече ул.”Л.Заменхов”продолжува на југ до ул.”В.Јанкулоски-Стариот”,оди на запад по истата и доаѓа до пресекот со ул. “Војводинска”,каде што започна описот на оваа граница.

Сите објекти кои се најдуваат во описот на оваа зона се најдуваат во третата зона.

## ГРАНИЦИ НА ТРЕТА ЗОНА-втор дел

Границата на третата зона-втор дел,започнува од ОУ”Г.Делчев” кое влегува во оваа зона,оди на југ по ул.”М.Камен”,с# до улк.”Град Јајце”,каде завртува по истата на југоисток до пресекот со ул.”3-ти Ноември”.Се движи по неа на североисток до ул.”Истарска”,каде завртува на југоисток

с# до новиот магистрален пат Скопје-Битола.Се движи по Магистралниот пат на југозапад, до ул.”П.Котеска”,каде завртува на северозапад и оди по улицата “П.Котеска”до ул.”К.Спиркоски”,завртува на запад по ул.”К.Спиркоски” до старите гробишта.Се движи на север по границата на старите гробишта,доаѓа до ул.”Ц.Цинорозот”,каде завртува на југозапад и се движи исто така по границата на старите гробишта, с# до ул.”Бл.Иваноски”,завртува на запад,ја сече ул.”И.Л.Рибар” и продолжува по асфалтното патче кое оди во Могилата на непобедените.Продолжува по истото и доаѓа до Прилепската Пивара.Оди по катастарските граници на Прилепската Пивара која влегува во описот на оваа зона и доаѓа до ул.”Цане Кузманоски”.Оди на запад по ул.”Цане Кузманоски”,с# до потокот на Селечка река,каде завртува на север до катастарските граници на ГРО”Бетон”кое исто така влегува во границите на оваа зона.Продолжува на запад спрема катастарските граници на “Пелагонија Турист”и “Металец”кои исто така влегуваат во границите на оваа зона.Излегува на ул.”М.Пијаде”и продолжува по истата до крајната катастарска граница на поранешен “Црн Бор”,каде границата завртува на северозапад и доаѓа до железничката пруга Скопје-Битола.Оди на североисток по железничката пруга до преминот кај “Југосуровина”.Завртува на север покрај “Југосуровина” која влегува во описот на оваа зона и продолжува по ул.”Т.Николоски”.Се движи на север по ул.”Т.Николоски”, ја сече Оревоечка река и доаѓа до поранешените магацини на “Центропромет”, кои влегуваат во описот на оваа зона.Продолжува на север по ул.”Трајко Николоски”до слепото уличе на ул.”Т.Николоски” каде е задниот влез на прехранбената индустрија “Витаминка”.Оди на запад по катастарските граници на “Витаминка”поранешен “Пролетер”,”Микрон” ЕМУЦ”Р.Р.Ричко” каде доаѓа до ул.”Савска”, оди по истата улица “Савска” каде завртува прво на југ, потоа на северозапад до ул.”Леце Котески”,се движи на запад по ул.”Л. Котески”,каде ги опфаќа катастарските граници на Мак Петрол и Електро Прилеп,продолжува по ул.”Л.Котески” до крајот на катастарската граница на Мермерниот Комбинат, каде завртува на север по катастарската граница на Мермерниот Комбинат,завртува на исток по истата граница,каде ја опфаќа поранешната ТИ”Политекс” и “Билјана” кои исто така влегуваат во оваа зона.Продолжува с# до пресекот со железничката пруга Скопје-Битола. Завртува на запад по железничката пруга Скопје-Битола,с# до крајната катастарска граница на млекарата,каде завртува на север и североисток и доаѓа до новиот пат Прилеп-Кичево,односно пред сладарата, каде границата завртува на североисток по патот Скопје-Кичево и доаѓа до ул.”О.Чопела”, каде завртува по ул.”О.Чопела”на исток,до улицата “Мире Цилкоски” и завртува на југ по истото покрај магацините на Тутунскиот Комбинат и доаѓа до полското патче кое оди према ОУ”Б.Конески”,потоа завртува на север по долот кој излегува кај Стариот задружен дом, односно кај споменикот на ул. “О.Чопела”.Ја сече ул.”О.Чопела”,продолжува по ул.”Б.Лопач” до црквата “Св.Петар”,каде завртува на исток по ул.”Б.Лопач” и доаѓа до ул.”Н.Амстронг”. Завртува на север по ул.”Н.Амстронг” и доаѓа до ободниот (заштитниот) канал, каде завртува на исток по ул.”Целе Мавроски”,се движи по неа и доаѓа до ул.”В.П.Џгуре”,ја сече истата и доаѓа до ул.”Сутјеска”,оди на југоисток по ул.”Сутјеска” каде завртува со пресекот на ул.”Београдска” се движи по ул.”Београдска”према југоисток до раскрсницата со ул.”Тризла”, односно како што е прикажано во графичкиот прилог,односно картата на град Прилеп.

Сите објекти кои се наjдуваат во описот на оваа зона се наjдуваат во третата зона.

## ГРАНИЦИ НА ЧЕТВРТА ЗОНА-прв дел

Границата на четвртата зона-прв дел започнува од пресекот на ул.”Тризла”со ул.”Кумровец”, се движи на североисток по ул.”Тризла” иди до крајот од десната страна

на планските куќи на ул.”Тризла” до ул.”Д.Завој” каде завртува на југоисток и продолжува до ул.”Кораб”,каде завртува исто на југоисток и доаѓа до ул.”Косовска” каде завртува по истата на југозапад до ул. “М.Козар”каде повторно врти на северозапад по ул.”Кумровец”каде се доаѓа до почетокот на описот на оваа граница.

Сите објекти кои се најдуваат во описот на оваа зона се најдуваат во четвратата зона-прв дел.

**ГРАНИЦИ НА ЧЕТВРТА ЗОНА-втор дел**

Границата на четвртата зона-втор дел започнува од Автомото сојузот на ул.”М.Пијаде”, се движи на североисток по истата улица доаѓа до ПП “Миком” каде завртува по полскиот пат за с.Оревоец, се движи по него до крајот на Катастарската Парцела на Македонија Пат, каде завртува на исток на новиот Регионален пат Скопје-Прилеп, се движи по истиот во правец на Битола на југозапад, до реката која иди од Шаторов камен, каде завртува по нејзиното течение во правец на запад, оди по истата доаѓа до ул.”М.Пијаде” се движи по истата до Бензиската пумпа и Автомото Сојузот, кои влегуваат во описот на оваа граница.

Сите објекти кои се најдуваат во описот на оваа зона се најдуваат во четвратата зона-втор дел.

**ГРАНИЦИ НА ПЕТТА ЗОНА**

Границата на петтата зона започнува од пресекот на патот што оди на Маркови Кули и ободниот канал во нас.”Тризла”. Се движи на исток по ободниот канал и ул.”Ц.Мавровски”,доаѓа до ул.”К.Волнароски” завртува по истата на југ, до ул.”В.Павлоски-Цгуре”,врти по истата на исток, до ул.”Сутјеска”.Се движи на југоисток по ул.”Сутјеска”до пресекот со ул.”Београдска”.Продолжува на југоисток по ул.”Београдска” и доаѓа до пресекот со ул.”Тризла”.Од пресекот на ул.”Београдска” и “Тризла”,се движи на североисток по ул.”Тризла” до ул.”Д.Завој” каде завртува на југоисток,се движи по истата до ул.”Кораб” каде завртува на југоисток и оди до каналот на ул.”Дабничка”,продолжув до мостот на ул.”Б.Кирдиќ”, завртува на север по Дабничкиот канал покрај катастарската парцела на Касарната, се движи на север,потоа завртува на североисток и продолжува по патот што се најдува покрај касарната, до границите на градежниот реон.

Сите објекти кои се најдуваат во описот на оваа зона се најдуваат во петта зона.

**За сите опишани зони составен дел е графичкиот прилог,односно картата на град Прилеп во размер 1:5000.**

**Член 2**

При определувањето на пазарната вредност на недвижниот имот **Екстра зоната** одговара на седма зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија” бр.50/2005), **при пресметка на сите објекти со исклучок на помошните простории и градежното неизградено земјиште.**

При определувањето на пазарната вредност на недвижниот имот **Екстра зоната** одговара на петнаесетта зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија” бр.50/2005), **при пресметка на помошните простории и градежното неизградено земјиште.**

**зоната И** одговара на осма зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија” бр.50/2005), **при пресметка на сите објекти со исклучок на помошните простории и градежното неизградено земјиште.**

**зоната I** одговара на шеснаесетта зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија” бр.50/2005), **при пресметка на помошните простории и градежното неизградено земјиште.**

**зоната II** одговара на деветта зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на

недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија” бр.50/2005), **при пресметка на сите објекти со исклучок на помошните простории и градежното неизградено земјиште.**

**зоната** II одговара на шеснаесетта зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија” бр.50/2005), **при пресметка на помошните простории и градежното неизградено земјиште.**

**зоната** III одговара на десетта зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија” бр.50/2005), **при пресметка на сите објекти со исклучок на помошните простории и градежното неизградено земјиште.**

**зоната** III одговара на шеснаесетта зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија” бр.50/2005), **при пресметка на помошните простории и градежното неизградено земјиште.**

**зоната** IV одговара на единаесетта зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија” бр.50/2005) **при пресметка на сите објекти со исклучок на помошните простории и градежното неизградено земјиште.**

**зоната** IV одговара на седумнаесетта зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија” бр.50/2005), **при пресметка на помошните простории и градежното неизградено земјиште.**

**зоната** V одговара на дванаесетта зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија” бр.50/2005), **при пресметка на сите објекти со исклучок на помошните простории и градежното неизградено земјиште.**

**зоната** V одговара на седумнаесетта зона утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија” бр.50/2005), **при пресметка на помошните простории и градежното неизградено земјиште.**

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за формирање на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (“Службен гласник на Општина Прилеп” 17/2005 и 11/2008).

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07- 1154/4 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.05.2010 година — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Димитар Стevананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТИ НА ГРАДЕЖНОТО - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ГРАДОТ ПРИЛЕП И СЕЛАТА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП И ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНАТА ВРЕДНОСТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО КАТАСТАРСКИ ОПШТИНИ

1. Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за одредување на вредности на градежното - неизградено земјиште за градот Прилеп и селата во Општина Прилеп и за одредување на почетната вредност на земјоделското земјиште по катастарски општини, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 - 1195/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.05.2010 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 12 и 13 од Метологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот ( Сл. Весник на РМ бр. 50/2005, 40/2010 и 46/2010) и член 26 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата, одржана на 07.05.2010 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Одлуката за одредување на вредности на градежното - неизградено земјиште за градот Прилеп и селата во општина Прилеп и за одредување на почетната вредност на земјоделското земјиште по катастарски општини

Член1

Во членот 2 став 1 од Одлуката за одредување на вредности на градежното - неизградено земјиште за градот Прилеп и селата во општина Прилеп и за одредување на почетната вредност на земјоделското земјиште по катастарски општини ("Службен гласник на Општина Прилеп"бр 12/2008), зборовите:

"Во градот 1, 2 и 3 зона по . 2.000,оо ден/м2,
4 и 5 зона по . 1.700,оо ден/м2
и 6 зона по ..1.200,оо ден/м2",

се заменуваат со зборовите:

"Пресметката на вредноста на градежното неизградено земјиште во градот во зависност од зоната ќе се изготвува по Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот ("Службен весник на РМ" бр. 50/2005, 40/2010 и 46/2010)."

**Член 2**

Во член 2 став 2 алинеа 10 по зборот "Чепигово" се додаваат зборовите: "Кадино Село".

**Член 3**

Членот 3 од Одлуката за одредување на вредности на градежното - неизградено земјиште за градот Прилеп и селата во општина Прилеп и за одредување на почетната вредност на земјоделското земјиште по катастарски општини (Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 12/2008) се дополнува со:

| **СЕЛО** | **КЛАСИ** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КО Прилеп** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VI** | **VIII** |
| Кадино Село | 30 | 28 | 26 | 24 | 22 | 20 | 18 | 10 |
| Ко Варош Вон | | | | | | | | |
| зад рид нива | 25 | 23 | 20 | 18 | 16 | 14 | 12 | 10 |
| долно шилев нива | 30 | 28 | 26 | 24 | 22 | 20 | 18 | 10 |

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07- 1154/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.05.2010 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕМЕСТУВАЊЕ НА НЕПРОПИСНО ЗАПРЕНИ И ПАРКИРАНИ ВОЗИЛА, ОДНОСНО ВОЗИЛА КОИ СЕ ЗАПРЕНИ ИЛИ ПАРКИРАНИ СПРОТИВНО НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

1. Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на трошоците за преместување на непрописно запрени и паркирани возила, односно возила кои се запрени или паркирани

спротивно на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1195/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.05.2010 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 07.05.2010 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на трошоците за преместување на непрописно запрени и паркирани возила, односно возила кои се запрени или паркирани спротивно на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

1. Се дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на трошоците за преместување на непрописно запрени и паркирани возила, односно возила кои се запрени или паркирани спротивно на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07- 1154/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.05. 2010 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стevананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ ЗАДРЖУВАЊЕ НА ДРУГИ ГРАДБИ (ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА) НА ТЕРИТОРИЈАТА И ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЕЛС - ОПШТИНА ПРИЛЕП

1. Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените за одржување на други градби (хоризонтална сигнализација) на територијата и за потребите на ЕЛС - Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1195/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.05.2010 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 07.05.2010 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените за одржување на други градби (хоризонтална сигнализација) на територијата и за потребите на ЕЛС - Општина Прилеп

1. Се дава согласност на Одлуката за утврдување на цените за одржување на други градби (хоризонтална сигнализација) на територијата и за потребите на ЕЛС - Општина Прилеп.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07- 1154/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.05. 2010 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2010 ГОДИНА

1. Програмата за дополнување на програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2010 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1195/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.05.2010 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.51/05,137/07 и 91/2009) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„бр.5/2002) и член 26 с.1 т.7 од Статутот на општина Прилеп („Сл.гласник на општина Прилеп„бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 07.05.2010 година, донесе:

## П Р О Г Р А М А
За дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2010година

Член 1

Во Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2010 година („Сл.гласник на општина Прилеп„ бр.1/2010 ;3/2010 и 4/2010) во глава **А.ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ во точка 5 после подточката 5.2 се додаваат две нови подточки 5.3 и 5.4 кои гласат:**
**„ 5.3 Урбан блок 8/1 ...............................1.03 ха**
**„ 5.4 Урбан блок 8/2..................................0,7 ха**
Во точката 7 после подточката 7.4 се додава нова подточка 7.5 и гласи:
**„7.5.Измена и дополнување на ДУП за УАЕ 9 УБ 9/2 –кварт 3 и 4„Стара Чаршија„......0.5 ха**

После точката 15 се додава нова точка 16 и гласи:

**„16. Измена на Детален урбанистички план за УАЕ 19...............3.5ха„**

Точката 16 станува точка 17

После точка 17 се додава две нови точки 18 и гласи:

**„18. Детален урбанистички план за дел од специјалната намена (терени на АРМ ) од Генералниот урбанистички план ............................................................13.9 ха**

Во глава **В.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО** после точката 1 се додаваат tri нові точкі 2, 3 и 4 кои гласат:

**„2.Урбанистички план вон населено место за изградба на планинарски дом „ДЕРВЕН„ на дел од кп. Бр. 4 , КО Присад во општина Прилеп.**

**3. Урбанистички план за вон населено место за Стопански Комплекс со пратечки содржини – фарма за свињи во м.в. Чортанова колиба на кп. Бр. 3357/1 КО Ореовец.„**

**4.Урбанистички план вон населено место за експлоатација на минерална**

**суровина оникс и травертин со изградба на пропратни објекти , на локаллитетот Декова Дабица КО Бешиште**

Во глава G.**ОПШТ АКТ ЗА СЕЛА** после точка 13 се додаваат 33 novi точки и гласат:

**„ 14.Беловодица**
**33.Полчиште 28.Лопатица**
**15.Вепрчани**
**34.Прилепец 29.Мал Радобил**
**16.Врпско**
**35.Присад 30.Никодин**
**17.Веселчани 36.Ракле**
**31.Пештани**
**18.Витолиште 37.Смолани**
**32.Подмол**
**19.Волково**
**38.Топлица**
**20.Гуѓаково**
**39.Тројаци**
**21.Дабница**
**40.Тројкрсти**
**22.Дрен**
**41.Царевиќ**
**23.Загорани**
**42.Чаниште**
**24.Кален**
**43.Чепигово**
**25.Клепач**
**44.Чумово**
**26.Кокре**
**45.Шелеверци**
**27.Лениште**
**46.Штавица.„**

Чл.2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп„.

Изработил: ПР
Проверил:МЗ
Одобрил:ИК

Број 07- 1154/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.05. 2010 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД БЛОК 16, ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА ВО ПРИЛЕП.

1. Одлуката за донесување на измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 16, ЈЗУ Општа болница во Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 - 1195/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.05.2010 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, (“Сл.весник на РМ”бр.51/05 и 137/2007), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп (“Сл.гласник на општина Прилеп” бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 07.05.2010 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за донесување на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 16, ЈЗУ Општа Болница во Прилеп

**Чл.1**

**Се донесува Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 16, ЈЗУ Општа Болница во Прилеп** , (во понатамошниот текст: планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

**Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:** Од ***североисток граничи*** со Градски стадион-Прилеп, од ***југоисток*** граничи со ул.,,Трајко Тарцан,, и од *југозапад*:семејно домување кп.16842;16841;16840;16838;16837;16836.

**Вака утврдениот плански опфат зафаќа површина од 3.50ха.**

**Чл.2**

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-**Предлог План** изготвен од Агенцијата за планирање на просторот од Скопје во соработка со „Перкан Проект „ од Прилеп со тех.бр.С4309 од февруари 2010г.

-**Програма за приоритетна изработка на урбанистички планови** за 2009година (Сл.весник на РМ,бр.19/09 и 33/09);

-**Извештај од извршена Стручна ревизија** изработена од Министерството за транспорт и врски бр.16-9188/3 од 28.09.2009година - Скопје.

-**Одговор по извештајот од извршената стручна ревизија** од изработувачот на планот од Октомври 2009 година.

-**Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета** по Предлог планот бр.08-3149/1 од 10.12.2009год.

-**Соопштение за организирање на јавна презентација и јавна анкета** по Предлог планот бр.03-3148/1 од 10.12.2009

-**Записник од одржана Јавна презентација и Јавна анкета** по Предлог планот бр. 09-2436/3 од 25.12.2009година

-**Извештај од спроведена јавна презентација и јавно анкета** по Предлог планот бр.09-2436/5 од 25.12.2009година;

-**Известување за постапување по извештајот** бр.09-60/4 од 24.03.2010г;

-**Мислење од Министерството за животна средина** бр. 08-8569/4 од 16.12.2009година

-**Согласност од Дирекцијата за заштита и спасување** бр. 09-108/2 од 25.03.2010година

-**Мислење од Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Прилеп** бр.03-1731 од 04.08.2009година

-**Мислење од Министерство за здравство** бр.24-721/2 од 26.02.2010година.

-**Согласност од Министерството за транспорт и врски** за Предлог План 16-3452/2 од 26.04.2010година

А.ОПШТ ДЕЛ

1.Насловна страна

**2.**Содржина

**3.**Извод од регистрација на фирмата

4.Овластување за носител на изработување на урбанистички планови 5.Проектанти кои учествуваат при изработката на ДУП

**А/Текстуален дел**

-Документациона основа

-Планска документација

**А/Графички прилози**

- **Документациона основа**

**1.**Извод од ГУП М=1:5000

2.Извод од ГУП М=1:5000

3.Извод од ДУП М=1:1000

4.Ажурирана геодетска подлога М=1:1000

5.Документациона основа М=1:1000

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1 План на намена на земјиштето М=1:1000

2 Регулационен план М=1:1000

3.План на површини за градба М=1:1000

4.Сообраќаен план М=1:1000

5.Синтезен план М=1:1000

**Чл.3**

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се

изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавната анкета и стручната консултација , со образложение за прифатените и неприфатените забелешки,изработен од стручна комисија формирана од Градоначалникот на Општината.

**Чл.5**

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

**Чл.6**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.7**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Чл.8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Изработил: ПР
Проверил:МЗ
Одобрил:ИК

Број 07- 1154/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.05. 2010 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БР. 20, УБ 20/3 - ДЕЛ “А” ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ бр. 20, УБ 20/3 - дел “А” во Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 - 1195/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.05.2010 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, (“Сл.весник на РМ”бр.51/05 и 137/2007), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп (“Сл.гласник на општина Прилеп” бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 07.05.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ бр.20,УБ 20/3-дел,,А,,во Прилеп**

**Чл.1**

**Се донесува Детален урбанистички план за УАЕ бр.20,УБ 20/3 дел „А„ во Прилеп ,** (во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

**Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:** Од север граница е осовина на коритото на градска река , од исток , осовина на собирната улица „Трајко Николоски,„ од југ осовина на улицата „Бистра планина„ и од запад осовина на кракот на улицата „Бистра Планина„ и продолжува по границата на кп. Бр. 20066,20067 и кп. 20068/1 се до реката., односно опфатот е со **површина од 3.03 ха**.

**Чл.2**

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-**Нацрт План** изготвен од ДООЕЛ "**Стил Проект**"-Прилеп со техн.бр.21/2007 од Ноември 2009г. Заверен во општина Прилеп под бр. 09-2576/1 од 16.11.2009година;

-**Програма за донесување на урбанистички планови за општина** Прилеп за 2007 и 2008 година;

-**Извештај од извршена Стручна ревизија** на Нацрт Планот изработена од ИУСЕ „ИН ПУМА„ од Скопје со техн. Бр. 245/2007 од Декември 2007година заведена во општина Прилеп под бр.09-2282/2 од 26.12.2007г..

-**Одговор по извештајот од извршената стручна ревизија** од изработувачот на планот ДООЕЛ „**Стил Проект„ со тех. бр.21/07** од Декември 2007, заверен во општина Прилеп под бр.09-81/3 од 14.03.2008година.

-**Стручно мислење од Министерството за транспорт** и врски бр.-16-913 од 14.05.2008г.-Сектор за уредување на просторот;

-**Одговор по стручно мислење** од Мај 2008г заверен во општина Прилеп под бр.09-81/7 од 17.06.2008г.;

-**Одлука за утврдување на Нацрт планот** бр.07-1598/15 од 24.06.2008година.

-**Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета** по Нацрт планот бр.09-81/8 од 24.06.2008год.

-**Соопштение за организирање на јавна анкета** бр.09-81/9 од 24.06.2008г.-објавено во печатен медиум на 28 и 29.06.2008 год..

-**Записник од одржана Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт планот бр. 09-81/10 од 16.07.2008година**

-**Извештај од спроведена јавна анкета и стручна консултација** по Нацрт ДУП бр.81/11 од 16.07.2008г;

-**Известување за постапување по извештајот** бр.09-27/2 од 17.02.2010г;

-**Согласност од Министерството за транспорт и врски** за Предлог План на ДУП за **УАЕ бр.20, УБ 20/3 дел " А"** бр.16-2305/2 од 15.04.2010г.

-**Комплетен примерок од Предлог План** изработен од "**Стил Проект**"ДООЕЛ-Прилеп со тех.бр.21/07 од Ноември 2009год. кој содржи:

**А.ОПШТ ДЕЛ**

**1.**Насловна страна

**2.**Содржина

**3.**Извод од регистрација на фирмата

4.Лиценца за обавување на дејност

**5.**Овластување на планерот и проектантите

**6. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

6.1 Вовед

6.2 Програмска задача

6.3.Извод од постоен ГУП

6.4.Анализа на постојна состојба

6,5. Билансни показатели и нумерички показателина постојната сосотојба

6,6 Графички прилози

Извод од ГУП –Прилеп М=1:5000

Геодетска подлога од 1968 година М=1:2500

Инфраструктура М=1:1000

Инвентаризација и снимка на бесправно изградените градби М=1:1000

**7. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

7.1 Намена на површини и градби

7.2Површини за градба и висински план

7.3 Општи услови за изградба , развој и користење на земјиштето и градбите

7.4 Посебни услови за изградба , развој и користење на земјиштето и градбите

7.5 Зелени површини и елементи на заштита на животната седина со урбана опрема

7.6 Сообраќај

7.7 Водовод и канализација

7.8 Електрика и ПТТ

7.9 Економско образложение

**7.10 ОСТАНАТО**

8.Нумерички и билансни показатели на планските решенија

**9.ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ**

9.1 План на намена на земјиштето и градбите М=1:1000

9.2 Регулационен план и план на површини за градење М=1:1000

9.3 Сообраќаен план и нивелационен план заедно со план на зеленило М=1:1000

**9.4 ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН**
М=1:1000

Водовод
Канализација
Електрика
ПТТ

**9.5 СИНТЕЗЕН ПЛАН НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА**
М=1:1000

**Чл.3**

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавната анкета и стручната консултација , со образложение за прифатените и неприфатените забелешки,изработен од стручна комисија формирана од Градоначалникот на Општината.

**Чл.5**

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

**Чл.6**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.7**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Чл.8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Изработил: ПР
Проверил:МЗ
Одобрил:ИК

| | |
|---|---|
| Број 07- 1154/10 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 07.05. 2010 година | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Димитар Стевананција |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНАТА ВИСИНА НА**

**ПОВРШИНАТА ЗА ГРАДБА ПРЕДВИДЕНА ВО ФОРМИРАНА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА,ГП 207 ВО ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ 1 ДОНЕСЕН СО ОДЛУКА БР.02 - 2073/1 ОД 08.07.1983 ГОДИНА, СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ**

1. Одлуката за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за усогласување на максималната висина на површината за градба предвидена во формирана градежна парцела, ГП 207 во Деталeн урбанистички план за УАЕ 1 донесен со Одлука бр. 02 - 2073/1 од 08.07.1983 година, со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1195/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.05.2010 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на чл.15-а ст.2 и чл.50-а став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/2007и 91/09), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 07.05.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**

За утврдување потреба од изработка Локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за усогласување на максималната висина на површината за градба предвидената во формирана градежна парцела ГП 207во детален урбанистички план за УАЕ 1 донесен со Одлука бр.02-2073/1 од 08.07.1983година со основна класа на намена А1-домување во станбени куќи

**Чл.1**

Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација ( во понатамошниот текст ЛУПД) на кп. бр.5403/1 и 5403/2 **за усогласување на максималната висина на површината за градба предвидената во формирана градежна парцела ГП 207 во детален урбанистички план за УАЕ 1 donesen so Одлука бр.02-2073/1 od 08.07.1983година со основна класа на намена А1-домување во станбени куќи.**

**Чл.2**

Се усвојува Планската Програма за изработка на ЛУПД на кп. бр.5403/1 и 5403/2 **за усогласување на максималната висина на површината за градба предвидената во формирана градежна парцела ГП 207 во детален урбанистички план за УАЕ 1 донесен со Одлука бр.02-2073/1 од 08.07.1983година со основна класа на намена А1-домување во станбени куќи.**

**Чл.3**

Планската Програма содржи текстуален и графички дел.

**Чл.4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Изработил: ПР
Проверил:МЗ
Одобрил:ИК

Број 07- 1154/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.05. 2010 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА**

## ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНАТА ВИСИНА НА ПОВРШИНАТА ЗА ГРАДБА ПРЕДВИДЕНА ВО ФОРМИРАНА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА, ГП 120 (КП 10669) ВО ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ 6, СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА А1- ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ

1. Одлуката за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за усогласување на максималната висина на површината за градба предвидена во формирана градежна парцела, ГП 120 (КП 10669) во Детален урбанистички план за УАЕ 6, со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 - 1195/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.05.2010 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.15-а ст.2 и чл.50-а став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, (“Сл.весник на РМ”бр.51/05 и 137/2007и 91/09), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп (“Сл.гласник на општина Прилеп”бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 07.10.2010 година, донесе:

### О Д Л У К А

За утврдување потреба од изработка Локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за усогласување на максималната висина на површината за градба предвидената во формирана градежна парцела ГП 120 (кп.10669)во детален урбанистички план за УАЕ 6 со основна класа на намена А1 домување во станбени куќи

**Чл.1**

